# ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ

**ПРИРАЧНИК ЗА БИЛАНС НА СОСТОЈБА (ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА)**

| Јануари 2025 | www.mojkonsultant.mk | Smetkovoditeli.com.mk |
|---|---|---|

## ВОВЕД

**Биланс на состојба (Извештај за финансиска состојба) е извештај за финансиската состојба на деловниот субјект кој во одреден временски момент ги наведува средствата, обврските и сопственичкиот капитал. Билансот на состојба е тој кој ја илустрира нето вредноста на бизнисот.**

**Билансот на состојба на една компанија има три дела: актива, пасива и сопственички капитал. Вообичаено, прво се наведени главните категории на активата, а по нив следи пасивата. Разликата меѓу активата и пасивата е позната како капитал, нето капитал или нето вредност на компанијата чијашто вредност мора да биде еднаква на актива минус пасива.**

**Средства = Обврски + Акционерска главнина**

Билансот на состојбата е образец кој се изготвува согласно Законот за трговските друштва, Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), и истиот е пропишан со Правилникот за форма и содржина на годишна сметка („Службен весник на РМ“ 52/11, 174/11, 9/12, 13/12, 60/14, ).

Билансот на состојба ги вклучува следниве ставки :

- Нематеријални средства.
- Материјални средства.
- Вложувања во недвижности.
- Долгорочни финансиски средства.
- Долгорочни побарувања.
- Одложени даночни средства.
- Залихи.
- Средства (или групи за отуѓување наменети за продажба и прекинати работења).
- Краткорочни побарувања.
- Краткорочни финансиски средства.
- Парични средства и парични еквиваленти.
- Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (авр).
- Основна главнина.
- Премии на емитирани акции.
- Сопствени акции.
- Запишан, а неуплатен капитал.
- Ревалоризациска резерва и разлики од вреднување на компоненти.
  на останата сеопфатна добивка.
- Резерви.
- Акумулирана добивка.
- Пренесена загуба.
- Добивка за деловната година.
- Загуба за деловната година.
- Главнина на сопствениците на матичното друштво.
- Неконтролирано учество.
- Долгорочни резервирања за ризици и трошоци.
- Долгорочни обврски.
- Одложени даночни обврски.
- Краткорочни обврски.
- Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (пвр).
- Обврски по основ на нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења.

# АКТИВА

## 1. АОП 001 НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002 + 009 + 020 + 021 + 031)

Ова АОП претставува збир од АОП 002 + АОП 009 + АОП 020 + АОП 021+ АОП 031.

## 2. АОП 002 НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003 + 004 + 005 + 006 + 007 + 008)

Ова АОП претставува збир од АОП 003 + АОП 004 + АОП 005 + АОП 006+ АОП 007 + АОП 008.

### НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Под нематеријални средства се подразбираат средствата кои не се во материјален облик, односно средствата што не може да се допираат, почуствуваат и видат.

Сметководството тие средства ги дефинира како нематеријални средства што му припаѓаат на друштвото, од кои тоа има идни користи иако тешко се квантифицираат.

На ова АОП во Билансот на состојба се внесуваат, издатоците за развој, концесии,патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права, гудвил, аванси за набавка на нематеријални средства, нематеријални средства во подготовка и останати нематеријални средства.

## 3. АОП 003 ИЗДАТОЦИ ЗА РАЗВОЈ

**На АОП 003-Издатоци за развој** се евидентираат нето износите од издатоците за развој намалени за вредносното усогласување на нематеријални средства. Овде на ова АОП може да се вклучат следниве издатоци за развој:

- издатоците за развој на технологија, производи и материјали чии ефекти се очекуваат во период подолг од една година,како што се: издатоците за дизајн, конструкција тестирање на прототип и модели, издатоци за дизајн на алати, калапи, направи, модули и нова технологија на производни процеси;
- издатоци за развој на производи, примероци, рецептури;
- издатоци за развој на пазар, издатоци за развој на услуги и издатоци за истражување на минерални ресурси.

Согласно МСФИ за МСЕ не се врши капитализација на трошоците за истражување и развој. Истите се расход во периодот во кој настануваат, освен трошоците за истражување на минерални ресурси.

## 4. АОП 004 КОНЦЕСИИ, ПАТЕНТИ, ЛИЦЕНЦИ, ЗАШТИТНИ ЗНАЦИ И СЛИЧНИ ПРАВА

**На АОП 004 се евидентираат концесии, патенти, лиценци, трговски и услужни марки како и софтвер и останати права.**

**Патент** е право од индустриска сопственост со кое се штити пронајдок.
Со патентот се заштитува пронајдок кој претставува решение за дефиниран технички проблем, кој е индустриски и технички изводлив и кој може да се користи во индустриското производство или во друга стопанска или нестопанска дејност.

**Лиценца** е дозвола издадена од надлежен орган, стекната дозвола да се произведува некој производ. Според тоа, лиценцата е писмена исправа со која носителот на патентот, по пат на договор го пренесува своето право на друг.

**Концесија** е право на користење на одреден имот или природно богатство, односно, под концесија се подразбира отстапувањето на друга држава или претпријатие да ги користи природните богатства или изведување на јавни работи.

**Софтвер и останати права**, се евидентираат вложувањата во компјутерски софтвер; вложувања во интернет страници и останатите долгорочни нематеријални права, како:

- ➔ вложувања во авторски и други права за користење;
- ➔ вложување во знаења (know-how) и дизајн;
- ➔ вложување во права за репродуцирање на филмови и слично, за објавување во издаваштвото и слично;
- ➔ вложување во долгогодишно право на користење согласно договор и
- ➔ заложни права и хипотеки (реализирани) и останати долгогодишни права.

## 5. АОП 005 ГУДВИЛ

**Гудвилот** претставува нематеријално вложување, односно недопирлив, дури и неиздиференциран имот.Тоа е средство кое нема форма на физичка егзистенција, а неговата вредност зависи од правата кои ги поседува сопственикот.

Согласно МСФИ 3 Деловни комбинации гудвилот е средство и претставува идна економска корист која произлегува од други средства кои се стекнати за време на деловна комбинација кои не се индивидуално идентификувани и поединечно признаени.

Истиот не се амортизира, но согласно МСС 36 истиот подлежи на проверка за обевреднување.

Гувилот стекнат со деловна комбинација се мери според набавната вредност намален за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради обезвреднување.

Доколку неможе веродостојно да се утврди корисниот век, истиот се амортизира за десет години.

## 6. АОП 006 АВАНСИ ЗА НАБАВКА НА НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**На АОП 006** се книжат побарувањата врз основа на дадените аванси за набавка на нематеријални средства. Се внесува нето износот на авансите за набавка на нематеријални средства.

## 7. АОП 007 НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА

**На АОП 007**– Нематеријални средства во подготовка се евидентираат инвестициите во тек за нематеријалните вложувања според аналитичките сметки од групите конта за нематеријалните средства.

## 8. АОП 008 ОСТАНАТИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**На АОП 008 – Останати нематеријални средства** се евидентираат филмовите, музичките записи, долгорочниот надомест за право на градење, премин и слично и останати неспоменати нематеријални средства.

## 9. АОП 009 МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010 + 011 + 012 + 013 + 014 + 015 + 016 + 017 + 018 + 019)

**Материјални средства** се средства кои се признаваат и вреднуваат во согласност со МСС 16, МСС 17, МСС 36, МСС 41 и други релевантни МСФИ и во согласност со одделите 17, 20, 27 и други релевантни оддели на меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Во материјални средства спаѓаат:

- ☑ Земјиште;
- ☑ Градежни објекти;
- ☑ Постројки и опрема;
- ☑ Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства;
- ☑ Биолошки средства,
- ☑ Останати материјални средства,
- ☑ Материјални средства во подготовка,
- ☑ Аванси за набавка на материјални средства.

## 10. АОП 010 НЕДВИЖНОСТИ (011 + 012)

**На ова АОП се внесува збир од АОП 011 + АОП 012.**

## 11. АОП 011 ЗЕМЈИШТЕ

**На АОП 011**– Земјиште, се евидентира градежното земјиште без градежни објекти; земјиштето под градежните објекти; земјиштето за експлоатација на камен, глина, чакал, песок, земјиштето за експлоатација на руда, шумското земјиште, земјоделското земјиште, земјиштето под повеќегодишните насади, парковите и слично; земјиштето по сообраќајниците, дворовите, паркинзите; земјиштето за депонии; чистото необработено и незасадено земјиште и камењари; вложувања за подобрување на земјиштето, како вложувања во одводнување, уредување на пристап и слично.

Земјиштето има неограничен век на траење и не се амортизира.

## 12.АОП 012 ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

**На АОП 012 Градежни објекти,** се евидентираат административните згради, фабричките згради, халите и работилниците, зградите на хотели, мотели, ресторани, продавниците, складиштата, стакленици, сушални, ладилници, монтажни згради, бараки,мостови, дрвени конструкции, огради, спортски терени, стадиони, спортски сали, базени, рибници, паркинзи, надвозници,железнички пруги, мостови, тунели, вијадукти, цевководи, канали, далекуводи, жичарници, градежни објекти вон употреба и останати неспомнати градежни објекти.

Градежните објекти се евидентираат по нивната набавна вредност, по цена на чинењето, односно по нивната ревалоризирана вредност според МСС.

- Набавната вредност на градежните објекти, ја сочинуваат фактурната вредност на добавувачот (изведувачот) зголемена за зависните трошоци и трошоците за доведување во состојба на функционалната подготвеност.
- Покрај износот искажан во фактурата или во другата исправа за плаќање на вредноста на зградата и други градежни објекти, се вклучуваат и издатоци за:
  - → проектната и друга докуменатација, врз основа на која е извршено купувањето, односно изградбата или доградбата,
  - → подготовка на теренот за изградба (расчистување, рамнење, нивелација, посипување, ископи, дренажа и сл.,
  - → давање на потребни давачки за изградба на приклучоци за водоводна, канализациона, енергетска, топловодна и телефонска мрежа и други мрежи,
  - → уредување на површини наменети за зградите, односно други градежни објекти (пристапни патишта и патеки, паркиралишта и заштита на работна средина).

Се внесува нето износот односно износот евидентиран како набавна вредност на средството намален за акумулираната амортизација.

## 13. АОП 013 ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

**На АОП 013– Постројки и опрема**,се евидентираат постројките за обработка и преработка, техничките постројки, погонските мотори, платформите, машините, енергетските постројки, постројките за разладување, постројките за пренос, мелничарски постројки, постројки за пакување и амбалажа, постројките вон употреба, опремата за производство и промет, канцелариската опрема, телекомуникациската опрема, компјутерите, опремата за продавници, опремата за угостителските објекти, за хотелите и слично, опремата за сервисирање, земјоделската опрема, опремата за градежништво, опрема за заштита при работа и за противпожарна заштита, опремата вон употреба и останатите неспомнати постројки и опрема.

Се внесува нето износот односно износот евидентиран како набавна вредност на средството намален за акумулираната амортизација.

## 14. АОП 014 ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

На АОП 014 се евидентира делот кој се однесува на вредноста на транспортните средства како патничките возила, товарните возила, влечните возила, приклучните транспортни средства (приколки), автобусите, авионите, пловните објекти, велосипедите, моторите и слично.

Се внесува нето износот односно износот евидентиран како набавна вредност на средството намален за акумулираната амортизација.

## 15. АОП 015 АЛАТ, ПОГОНСКИ И КАНЦЕЛАРИСКИ ИНВЕНТАР, МЕБЕЛ И ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

На АОП 015 Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства се евидентираат алатите, мерните и контролните инструменти и прибор, аудио и видео апаратите, камерите, светлечки реклами, погонски и магацински инвентар, канцелариски инвентар и мебел, угостителскиот и хотелскиот инвентар, транспортни средства во нето износ односно износот евидентиран како набавна вредност на средството намален за акумулираната амортизација.

## 16. АОП 016 БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

**На АОП 016 – Биолошки средства**, се евидентираат повеќегодишните насади шуми, овоштарници, насади со винова лоза, паркови, зеленило, садници и слично, основното стадо кое се користи како работна и приплодна стока (добиток, живина, риби, пчелни семејства и слично) и останати неспомнати жиовотни (птици, кучиња и друго).

На оваа сметка **не се евидентира основното стадо во гоење и кое е наменето за продажба.**

Амортизација на основно стадо се пресметува само кога основното стадо неможе да се процени по фер вредност, односно по објективна вредност, па во тој случај се вреднува по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите заради обезвреднување.

## 17. АОП 017 АВАНСИ ЗА НАБАВКА НА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**На АОП 017 Аванси за набавка на материјални средства,** се искажуваат однапред платените износи за стекнување на сите облици на материјални средства, односно дадените аванси на добавувачите со рок на достасаност над една година за неиспорачани материјални средства.

Најчести примери на дадени аванси на добавувачите  кои се искажуваат на оваа група се авансирањата при набавка на: опрема, подигнување на долгогодишни насади, изградба на градежни објекти и слично.

## 18. АОП 018 МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА

**На АОП 018 – Материјални средства во подготовка,** се евидентираат сите облици на материјални средства од денот на вложувањето до денот на нивното активирање.

## 19. АОП 019 ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**На АОП 019– Останати материјални средства се евидентираат:**

- делата на ликовна, вајарска, филмска и друга уметност,
- предмети со музејска вредност,
- споменици на културата,
- книги,
- фотографии,
- олдтајмери,
- архивски предмети,
- макети,
- вложувања во туѓи недвижности, постројки и опрема и
- други неспомнати материјални средства.

## 20. АОП 020 ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

**На АОП 020– Вложувања во недвижности,** се евидентираат недвижностите (земјиште и градежни објекти) кои се признаваат и вреднуваат во согласност МСС 40 и други релевантни МСФИ и Оддел 16 и други релевантни оддели на меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Согласно МСС 40 вложувања во недвижности се внесуваат вложувањата кои не се користат за вршење на дејноста, туку се наменети за стекнување на добивка, било со изнајмување или се чуваат заради зголемување на пазарната вредност.

## 21. АОП 021 ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022 + 023 + 024 + 025 + 026 + 030)

**На АОП 021 – Долгорочни финансиски средства**, се евидентираат долгорочните финансиски вложувања кои се признаваат и вреднуваат во согласност со МСС 27, МСС 28, МСС 31, МСС 39 и други релевантни МСФИ и оддели 9, 11, 12, 14, 15, и други релевантни оддели на меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

На ова АОП се евидентира збирот од АОП 022 + АОП 023 + АОП 024 + АОП 025 + АОП 026 + АОП 030.

## 22. АОП 022 ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДРУЖНИЦИ

**На АОП 022 – Вложувања во подружници**, се евидентираат акциите и уделите во капиталот на друштвата во кои друштвото кое известува има контрола, односно учество во капиталот преку 50% и/или други услови дефинирани во МСС 27 и Оддел 9 од МСФИ за МСЕ.

## 23. АОП 023 ВЛОЖУВАЊА ВО ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И УЧЕСТВА ВО ЗАЕДНИЧКИ ВЛОЖУВАЊА

**На АОП 023 – Вложувања во придружни друштва и учества во заеднички вложувања** се евидентираат акциите и уделите во капиталот на придружно друштво во кои друштвото учествува од 20% до 50% и/или други услови дефинирани во стандардите, како и учеството во заеднички вложувања во кои учеството на друштвата во капиталот на друго друштво е 50% со 50%. Учество во капиталот во друго друштво кое е до 20% се смета како учество кое нема контрола.

## 24. АОП 024 ПОБАРУВАЊА ПО ДАДЕНИ ДОЛГОРОЧНИ ЗАЕМИ НА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 024 – Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва** во земјата и странство, се евидентираат долгорочни кредити и заеми дадени на матични, зависни и други поврзани друштва спрема називот на оваа сметка.

## 25. АОП 025 ПОБАРУВАЊА ПО ДАДЕНИ ДОЛГОРОЧНИ ЗАЕМИ

**На АОП 025- Побарувања по дадени долгорочни заеми и кредити во земјата и во странство**, се евидентираат дадените заеми и кредити на правни лица во земјата и во странство, освен оние дадени на матични, зависни и други поврзани друштва.

## 26. АОП 026 (АОП 027 + АОП 028 + АОП 029).

НА АОП 026 се внесува збир од АОП 027 + АОП 028 + АОП 029.

## 27. АОП 027 ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОИ СЕ ЧУВААТ ДО ДОСПЕВАЊЕ

**На АОП 027 – Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање,** се евидентираат финансиските средства со фиксни или утврдени износи на плаќање и со фиксно доспевање, за кои друштвото има намера и способност да ги држи до доспевање.

## 28. АОП 028 ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ РАСПОЛОЖИВИ ЗА ПРОДАЖБА

**На АОП 028 – Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба**, се евидентираат оние средства кои се определени како расположиви за продажба кои според сметководствената политика се класифицирани за продажба.

## 29. АОП 029 ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ СПОРЕД ОБЈЕКТИВНАТА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА

**На АОП 028 – Вложувања во хартии од вредност според објективна вредност преку добивката или загубата**, се евидентираат финансиските средства кои при почетното признавање се определени како финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата, освен некотираните сопственички инструменти и оние финансиски инструменти кои немаат котирана пазарна цена и чија што објективна вредност не може реално да се измери.

## 30. АОП 030 ОСТАНАТИ ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**На АОП 030 Останати долгорочни финансиски средства** се евидентираат останатите долгорочни финансиски средства и тоа**:**

- Дадени депозити и кауции во земјата и странство, се евидентираат дадените долгорочни депозити од деловните активности, депозитите кај деловните банки, депозитите кај осигурителните компании, судските депозити и друго, како и дадените долгорочни кауции за обврски, дадени кауции врз основа на купопродажни односи, дадени кауции за плаќања и други дадени кауции и капари.

- Останати долгорочни финансиски средства, се евидентираат вложувања во инвестициони фондови и останати долгорочни средства.

## 31. АОП 031 ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (032 + 033 + 034)

**На АОП 031– Долгорочни побарувања**, се евидентираат побарувањата со рок на доспеаност подолг од 1 година. Ова АОП претставува збир од АОП 032 + АОП 033 + АОП 034.

## 32. АОП 032 ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 032– Побарувања од поврзани друштва** врз основа на продажба, се евидентираат побарувања од матични, зависни и други поврзани друштва врз основа на испорака на добра (производи и стоки) и услуги.

## 33. АОП 033 ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

**На АОП 033– Побарувања од купувачи,** неповрзани друштва врз основа на продажба на кредит, се евидентираат побарувањата врз основа на продажба на добра (производи и стоки) и услуги на кредит во земјата и во странство и останати побарувања од продажба на кредит. Се внесува нето износот.

## 34. АОП 034 ОСТАНАТИ ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

**На АОП 034 се внесуваат останати долгорочни побарувања и тоа:**

→ Побарувања врз основа на наем – финансиски лизинг;
→ Побарувања врз основа на форфетинг;
→ Побарувања врз основа на дадени гаранции;
→ Спорни и ризични побарувања;
→ Останати долгорочни побарувања.

## 35. АОП 035 ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА

**На АОП 035** – Одложени даночни средства, се евидентираат одложените даночни средства во согласност со МСС 12 и оддел 29 од МСФИ за МСЕ.

## 36. АОП 036 ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037 + 045 + 052 + 059)

**На АОП 036 се внесува збир од АОП 037 + АОП 045 + АОП 52 + АОП 059.**

## 37. АОП 037 ЗАЛИХИ (038 + 039 + 040 + 041 + 042 + 043)

АОП 037 Залихи претставува збир од АОП 038 + АОП 039 + АОП 040 + АОП 041 + АОП 042 + АОП 043.

## 38. АОП 038 ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

**На АОП 038- Залиха на суровини и материјали** се внесуваат суровини и материјали на залиха, суровини и материјали на пат, суровини и материјали во доработка, обработка и манипулација, намалени за вредносно усогласување на залихите на суровини и материјали, односно отстапувањето од стандардните (плански) цени на суровини и материјали.

## 39. АОП 039 ЗАЛИХИ НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ

### Резервни делови

Резервни делови согласно МСС 16 и Оддел 17 од МСФИ за МСЕ, со поголема вредност по правило се класифицираат како материјални средства.

Залиха на резервни делови,се евидентираат набавените делови за вградување, по правило без обработка и доработка, во сопствени производи и за одржување, поправки и реконструкција, вредносно усогласување на залихите на резервните делови и отстапување од стандардните (планските) цени на резервните делови, според називите на сметките од оваа група.

### Ситен инвентар, амабалажа и автогуми

На оваа група на сметки се евидентираат средствата за работа на субјектот, како што се машините, уредите, постројките, алатот, опремата, средствата за врски и др. Предмети, кои не се третираат како основни средства и не се водат на сметките од групата 01.

Залихи на ситен инвентар, амбалажа и автогуми, се евидентираат вредностите на ситниот инвентар , амбалажата и автогумите на залиха и во употреба, вредносното усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите и отстапувањето од стандардните (планските) цени на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите на соодветни сметки од оваа група.

## 40. АОП 040 ЗАЛИХА НА НЕДОВРШЕНИ ПРОИЗВОДИ И ПОЛУПРОИЗВОДИ

На АОП 040 Залиха на недовршени производи и производи се внесува износот на залихи за недовршено производство и полупроизводи.

Се евидентира вредноста на залихите на производството, недовршените производи, полупроизводите и деловите како и незавршените услуги по цена на чинење, односно по нето реализационата вредност , доколку е истата пониска, на крајот на пресметковниот период.

Признавањето и вреднувањето на залихите на производство се врши во согласност со МСС 2, МСС 11 и Оддел 13 од МСФИ за МСЕ..

## 41. АОП 041 ЗАЛИХИ НА ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ

**На АОП 041 – Залиха на готови производи** се евидентира вредноста на залихите на готовите производи по цената на чинење, односно по нето реализационата вредност, доколку е истата пониска, на крајот на пресметковниот период.

## 42. АОП 042 ЗАЛИХИ НА ТРГОВСКИ СТОКИ

**На АОП 042 – Залихи на трговски стоки** се внесува износот на залихи од сметка 66 односно залихата на стоки во складиште, стовариште, залихата на стоки во туѓи складишта, залихата на стоки во продавница, залихата на стоки во други продажни објекти на мало,стока во доработка, обработка и манипулација, исправката на вредноста на застарена стока и разлика во цени на стока.

## 43. АОП 043 ЗАЛИХИ НА БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

**На АОП 043- Залиха на биолошки средства**, се евидентира вредноста на залихите на биолошките средства во согласност со МСС 2, МСС 41, Оддел 13 и Оддел 34 од меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти. Овде се евидентираат залихите на биолошки средства чие време на зреење е до една година, како и недовршеното производство и залихата на биолошките средства за продажба.

## 44. АОП 044 СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА

**На АОП 044- Средства (или групи за отуѓување наменети за продажба и прекинати работења)** се евидентираат нематеријални средства, земјиште, опремата и биолошки средства, вложување во недвижности и други нетековни средства кои се чуваат за продажба, или давателот на финансиски лизинг ги стекнал во постапката за принудна наплата, компензација и во други случаи, како и средствата чие работење е прекинато, а во согласност со МСФИ 5.

Во случај кога не е извршена продажба на овие средства во рок од 12 месеци, истите повторно се рекласифицираат на соодветните сметки од класа 0.

## 45. АОП 045 КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046 + 047 + 048 + 049 + 050 + 051)

**На АОП 045 се внесува збир од АОП 046 + АОП 047 + АОП 048 + АОП 049 + АОП 050 + АОП 051.**

## 46. АОП 046 ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 046 – Побарувања од поврзани друштва**, се евидентираат побарувањата од матичните, зависните и други поврзани друштва, според називите на сметките од оваа група.

На ова АОП се содржани:

→ Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата;
→ Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата;
→ Побарувања од поврзани друштва за аванси, депозити и кауции во земјата;

→ Побарувања од поврзани друштва за аванси, депозити и кауции во странство;
→ Побарувања од поврзани друштва за камати во земјата/странство;
→ Побарувања од специфично работење од поврзаи друштва;
→ Останати побарувања од поврзани друштва намалени за вредносно усогласување на побарувањата од поврзани друштва.

**Напомена:** Побарувањата од поврзани друштва кои се евидентираат на конто 11- се однесуваат на побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги, аванси и камата од:

- Матични и зависни друштва во земјата и странство (кога матичното друштво учествува во капиталот на зависното друштва со над 50% или ги исполнува другите услови согласно МСС 27 и Оддел 9 од МСФИ за МСЕ и кое се наоѓа во групата на друштва за консолидација;
- Придружни друштва во земјата и странство (кога едно друштво има значајно влијание врз друго друштво во учество во капиталот и тоа од 20% до 50% и ги исполнува условите согласно МСС 28 и Оддел 14 од МСФИ за МСЕ.

## 47. АОП 047 ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ

**На АОП 047 – Побарувања од купувачи**, се евидентираат побарувањата од купувачите во земјата и странство врз основа на продажба на добра и услуги.

На оваа билансна позиција се евидентираат следните групи на сметки:

**120** – Побарувања од купувачи во земјата;
**121** – Побарувања од купувачи во странство;
**124** – Побарувања од специфично работење на неповрзани друштва;
**125** – Побарувања од камати (договорни и казнени);
**126** – Спорни и сомнителни побарувања;
**127** – Останати побарувања.

## 48. АОП 048 ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ НА ДОБАВУВАЧИ

**На АОП 048 – Побарувања за дадени аванси** се евидентираат побрувањата за дадени аванси, депозити и кауции за набавка на добра и услуги во земјата и во странство.

## 49. АОП 049 ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, ЦАРИНИ, АКЦИЗИ И ЗА ОСТАНАТИ ДАВАЧКИ КОН ДРЖАВАТА (ПРЕТПЛАТИ)

На АОП 049– Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царини, акцизи и останати давачки кон државата (претплата) се евидентираат побарувањата од државата по основ на данок на добивка, данок на додадена вредност, повеќе платени царини, акцизи,повеќе платен задржан данок, даноци на имот, побарувања за субвенции, премии, државни поддршки и останати побарувања од државата.

## 50. АОП 050 ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ

**На АОП 050 – Побарувања од вработените** се евидентираат побарувањата од вработени за повеќе исплатена плата и надоместоци на плата и други примања, за аконтации за службени патувања и останати побарувања од вработените како кусоци на средства, надомест на штета, административни забрани и друго.

## 51. АОП 051 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

**На АОП 51 – Останати краткорочни побарувања**, се евидентираат побарувањата од осигурителни друштва, побарувања за тантиеми, побарувања врз основа на цесија, асигнација и превземање на долг, побарувања за членарини, дивиденда или удел во добивката и останати побарувања, кои не се евидентирани на другите сметки.

## 52. АОП 052 КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ( 053 + 056 + 057 + 058)

**На АОП 052 се внесува збир од АОП 053 + АОП 056 + АОП 057 + АОП 058.**

## 53. АОП 053 ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ( 054 + 055)

**На АОП 053 – Вложувања во хартии од вредност** се внесуваат нето износите на краткорочните вложувања и тоа во следните хартии од вредност-вложувања кои се чуваат до доспевање и вложувања според објективната вредност преку добивката или загубата.

## 54. АОП 054 ВЛОЖУВАЊА КОИ СЕ ЧУВААТ ДО ДОСПЕВАЊЕ

**На АОП 054- Вложувања кои се чуваат до доспевање** се евидентираат хартии од вредност кои се чуваат до доспевање, на која се евидентира отплатата на долгорочните хартии од вредност кои доспеваат за плаќање во рок до една година, по периодот на известување согласно МСС 39 и Оддел 11 и 12 од МСФИ за МСЕ, освен оние кои се евидентирани на сметката 107 – Хартии од вредност - готовински еквиваленти.

## 55. АОП 055 ВЛОЖУВАЊА СПОРЕД ОБЈЕКТИВНАТА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА

**На АОП 055 – Вложувања според објективната вредност преку добивката или загубата** се евидентираат финансиските средства набавени или настанати првенствено со цел за остварување на добивка од краткорочните флуктуации на цените согласно МСС 39. Во билансот на состојба истите се вреднуваат според фер вредност, а нивната разлика се евидентира како приход или расход во периодот.

## 56. АОП 056 ПОБАРУВАЊА ПО ДАДЕНИ ЗАЕМИ НА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 056 – Побарувања по дадени заеми на поврзани друштва** се евидентираат:

- ➔ Краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во земјата и
- ➔ краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во странство

со рок на доспевање до една година, дадени на матични, зависни и други поврзани друштва во земјата.

## 57. АОП 057 ПОБАРУВАЊА ПО ДАДЕНИ ЗАЕМИ

**На АОП 057- Побарувања по дадени заеми се евидентираат** Краткорочни кредити и заеми во земјата и странство со рок на доспевање до една година, дадени на неповрзани друштва во земјата/странство.

## 58. АОП 058 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**На АОП 058- Останати краткорочни финансиски средства се евидентираат:**

- ➲ Краткорочно орочени денарски средства со рок на доспевање 1 година во банките и во останатите финансиски институции, освен оние кои се евидентирани на сметката 106 – Депозити – парични еквиваленти.
- ➲ Краткорочно орочени странски средства за плаќање со рок на доспевање до 1 година во банките и во останатите финасиски институции.
- ➲ Останати краткорочни финансиски средства кои не се евидентирани на другите сметки од групата 16.

## 59. АОП 059 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060 + 061)

**На АОП 059- Парични средства и парични еквиваленти, се евидентира збир од АОП 060 + АОП 061.**

## 60. АОП 060 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

**На АОП 060- Парични средства** се евидентираат оние парични средства со кои располага субјектот, а кои се наоѓаат кај носителите на платниот промет, банките и благајните.

- Парични средства на трансакциски сметки во денари,
- Издвоени парични средства и акредитиви,
- Парични средства во благајна,
- Девизни сметки,
- Девизни акредитиви,
- Парични средства во благајна во странска валута и
- Останати парични средства.

## 61. АОП 061 ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

**На АОП 061-Парични еквиваленти** се евидентираат:

- Депозити - парични еквиваленти со рок на доспеаност до три месеци или помалку.
- Хартии од вредност – готовински еквиваленти со рок на доспеаност до три месеци или помалку, од датумот на стекнување и се со безначаен ризик од намалување на вредност.

## 62. АОП 062 ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)

**На АОП 062- Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР)** евидентираат однапред платените трошоци и приходите од тековниот период кои не можеле да бидат фактурирани.

# ВКУПНА АКТИВА

## 63. АОП 063 ВКУПНА АКТИВА (001 + 035 + 036 + 044 + 062)

**На АОП 063 Вкупна актива се внесува збир од АОП 001 + АОП 035 + АОП 036 + АОП 044 + АОП 062.**

## 64. АОП 064 ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА

**На АОП 064- Вонбилансна евиденција- актива** се евидентираат средства кои не се во сопственост на друштвото и тоа:

- ☑ Примени туѓи недвижности, постројки и опрема,
- ☑ Примени туѓи материјали, полупроизводи, производи и стоки,
- ☑ Хартии од вредност и други вредносници,
- ☑ Права, се евидентираат одобрените (договорени) кредити, хипотекарното право (право на туѓи средства), правото на оштета, правата на користење патенти, лиценци и слични права, правата по лоро акредитиви (домашен и странски).
- ☑ Останата активна вонбилансна евиденција, се евидентираат потенцијалните средства кои не се евидентирани на други активни вонбилансни сметки.

# ПАСИВА

## 65. АОП 065 ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

**На АОП 065 Главнина и резерви се внесува збир од АОП 066 + АОП 067 – АОП 068 – АОП 069 + АОП 070 + АОП 071 + АОП 075 + АОП 077 – АОП 078.**

## 66. АОП 066 ОСНОВНА ГЛАВНИНА

**На АОП 066 Основна главнина –** се евидентира износот на запишан и уплатен капитал. Износот претставува негова основна главнина и истото треба да биде евидентирано во Трговскиот регистар на РМ. Истиот може да се Докапитализира- зголеми или со Одлука да се намали.

## 67. АОП 067 ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ

**На АОП 067 – Премии на емитирани акции се евидентираат:**

- Премии врз основа на продажба на обични акции
- Премии врз основа на продажба на приоритетни акции
- Премии врз основа на конверзија на приоритетни акции во обични акции

## 68. АОП 068 СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)

**На АОП 068 - Сопствени акции** се евидентира износот на окупените сопствени акции и удели од групата на сметки 902, кои субјектот мора да ги оттуѓи во рок од 1 година од откупот.

## 69. АОП 069 ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ

**На АОП 069 - Запишан, неуплатен капитал,** се евидентира запишана, а неуплатена основна главнина.

## 70. АОП 070 РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

**На АОП 070 – Ревалоризациона резерва и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка**, се книжи ревалоризацијата на средствата по годишната пресметка.

Ревалоризацијата не е задолжителна, но по сопствена одлука правниот субјект може да ја пресметува согласно МСС. Еднаш започнатата ревалоризација задолжително се извршува до целосното отпишување на средствата.

Малите и микро друштва согласно Оддел 18 и 17 од МСФИ за МСЕ не вршат ревалоризација на нематеријални и материјални средства.

## 71. АОП 071 РЕЗЕРВИ ( 072 + 073 + 074)

**На АОП 071- *Резерви* се евидентира збир од АОП 072 + АОП 073 + АОП 074.**

## 72. АОП 072 ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ

**На АОП 072 – Законски резерви** се евидентира износот на законски резерви од сметка 940.

Согласно членот 485 од Законот за трговските друштва, друштвото има задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд кој се формира по пат на зафаќање од нето добивката.

Законската резерва се пресметува и издвојува како процент утврден со договорот за друштвото или со статутот и не може да биде помал од 5% од нето добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој е еднаков на 1/10 од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали мора да се дополни на ист начин.

Додека општата резерва не го надмине со законот, односно со статутот на друштвото определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите. По надминувањето на тој износ и по покривање на сите загуби според годишната сметка, со одлука на сопствениците на капиталот, вишокот може да се употреби за дополнување на дивидендата, освен она што во резервата е внесено врз основа на доплата на содружниците, односно кога зголемување на основната главнина е извршено за особена корист или за првенствено право на дотогашните акции и удели.

## 73. АОП 073 СТАТУТАРНИ РЕЗЕРВИ

**На АОП 073- Статутарни резерви -** се внесува износот на резервите кои согласно статутот, субјектот ги издвојува по годишната сметка заради покривање на определени загуби или други издатоци.

Најчесто тоа се резерви за одржување на финансиската стабилност на друштвото, за развојни активности и слично, понатака резерви за преструктурирање, резерви за покривање на загуба.

**Целта, организацијата и начинот на употреба на резервите точно се определуваат со статутот на друштвото.**

## 74. АОП 074 ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ

**На АОП 074 - Останати резерви** се евидентираат резервите за награди и други резерви за кои не постои посебна сметка во рамките на групата 94.

## 75. АОП 075 АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА

**На АОП 075 – Акумулирана добивка,** се евидентира акумулираната нераспоредена добивка, од претходните години.

## 76. АОП 076 ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)

**На АОП 076- Пренесена загуба**, се евидентира загубата од претходни години.

## 77. АОП 077 ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

**На АОП 077- Добивка за деловната година**, се евидентира нераспределената добивка за тековната година. На почетокот на наредната година салдото на оваа сметка се пренесува на сметката 950 – Задржана (акумулирана) добивка.

Добивката за финансиската година претставува финансиски резултат од деловната година, после оданочување. Таа се евидентира на оваа билансна позиција, а нејзиното распоредување се врши дополнително, согласно одлуката на органот на друштвото.

## 78. АОП 078 ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (-)

**На АОП 078- Загуба за тековната година**, се евидентира загубата утврдена на крајот на пресметковниот период.

Загубата за финансиската година претставува финансиски резултат од деловната година, после оданочување. Загубата од тековната година, од активна во новите билансни шеми е пасивна позиција, односно таа претставува корективна ставка на капиталот.

## 79. АОП 079 ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНО ДРУШТВО

**На АОП 079- Главнина на сопствениците на матично друштво** се внесува само кога се составува Консолидиран биланс на состојба. Овде се наведува износот на учеството во главнината на сопствениците на матичното друштво.

## 80. АОП 080 НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО

**На АОП 080- Неконтролирано учество**, се евидентира дел од главнината но сега на сопственикот кој не го контролира сопственичкиот пакет на поврзаното друштво, односно на малцинскиот акционер. И овде важи правилото дека се наведува износот само доколку се составува Консолидиран биланс на состојба.

## 81. АОП 081 ОБВРСКИ (082 + 085 + 095)

**На АОП 081 - Обврски се евидентира збир од АОП 082 + АОП 085 + АОП 095).**

## 82. АОП 082 ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083 + 084)

**На АОП 082 - Долгорочни резервирања за ризици и трошоци се евидентира збир од АОП 083 + АОП 084.**

## 83. АОП 083 РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ПЕНЗИИ, ОТПРЕМНИНИ И СЛИЧНИ ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ

**На АОП 083 – Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените** се евидентираат резервирањата врз основа на бенефициите за вработените, како што се отпремнините при пензионирање, јубилејните награди и за други обврски спрема вработените, кои се исплаќаат во согласност со стекантите права во текот и по престанокот на работниот однос.

## 84. АОП 084 РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ПЕНЗИИ, ОТПРЕМНИНИ И СЛИЧНИ ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ

**На АОП 084 – Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените** се евидентира износот на резервирања за користи на вработените:

- Резервирања за отпремнина при одење во пензија
- Резервирања за јубилејни награди и друго

## 85. АОП 085 ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (083 + 084 + 085 + 086 + 087 + 088 + 089 + 090 + 091 + 092 + 093)

**На АОП 085– Долгорочни обврски, се евидентираат обврските кои доспеваат во рок подолг од една година, од денот на настанувањето, односно по период на известување.**

**АОП 085 претставува збир од АОП 083 + АОП 084 + АОП 085 + АОП 086 + АОП 087 + АОП 088 + АОП 089 +АОП 090 + АОП 091 + АОП 092 + АОП 093.**

## 86. АОП 086 ОБВРСКИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 086 – Обврски спрема поврзани друштва** се евидентираат долгорочните обврски спрема поврзани друштва врз основа на набавка на добра и услуги во земјата и странство, како и врз основа на аванси, депозити и кауции во земјата и странство од матични, зависни и други поврзани друштва.

## 87. АОП 087 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

**НА АОП 087- Обврски спрема добавувачи** се евидентираат обврските за набавка на производи, стоки и услуги спрема добавувачите во земјата/странство

## 88. АОП 088 ОБВРСКИ ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

**На АОП 088- Обврски за аванси, депозити и кауции** се евидентираат обврските врз основа на примени долгорочни аванси, депозити и кауции од купувачи, како што се авансите за изградба на градежни објекти, за изградба на постројки, за испорака на залихи и друго.

## 89. АОП 089 ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 089- Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва** се евидентираат обврските врз основа на примени заеми и кредити од матични, зависни и други поврзани друштва во земјата и странство и обврските за камата.

## 90. АОП 090 ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

**На АОП 090 – Обврски по заеми и кредити** се евидентираат обврските врз основа на примени заеми и кредити, освен обврските на заеми и кредити од матични, зависни и други поврзани друштва. Во рамки на оваа сметка се евидентираат и долгорочните обврски за финансиски лизинг.

## 91. АОП 091 ОБВРСКИ ПО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**На АОП 091 – Обврски по хартии од вредност**, се евидентираат обврските за издадени хартии од вредност со рок на доспевање над 1 година

## 92. АОП 092 ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

**На АОП 092 – Останати финансиски обврски**, се евидентираат долгорочни обврски и останати финансиски долгорочни обврски кои не се евидентирани на другите сметки од групата 28.

## 93. АОП 093 ОСТАНАТИ ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

**На АОП 093 – Останати долгорочни обврски** се евидентираат сите останати обврски кои не се наведени погоре.

## 94. АОП 094 ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ

**На АОП 094 – Одложени даночни обврски** се евидентираат износите на данокот на добивка кои се плаќаат во идните периоди врз основа на оданочиви времени разлики во согласност со МСС 12 и Оддел 29 на меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

## 95. АОП 095 КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ( 096 + 097 + 098 + 099 + 100 + 101 + 102 + 103 + 104 + 105 + 106 + 107 + 108)

**На АОП 095- Краткорочни обврски** се евидентира збир од АОП 096 + АОП 097 +АОП 098 + АОП 099 + АОП 100 +АОП 101 + АОП 102 + АОП 103 + АОП 104 + АОП 105 + АОП 106 + АОП 107 +АОП 108.

## 96. АОП 096 ОБВРСКИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 096–Обврски спрема поврзани друштва** се евидентираат краткорочните обврски спрема матични, зависни и други поврзани друштва.

## 97. АОП 097 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

**На АОП 097 – Обврски спрема добавувачи** се внесуваат износите евидентирани на сметки**:**

- Обврски спрема добавувачи во земјата,
- Обврски спрема добавувачи од странство,
- Обврски од специфично работење од неповрзани друштва,
- Обврски за камати (договорени и казнени),
- Останати обврски од добавувачи.

## 98. АОП 098 ОБВРСКИ ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

**На АОП 098 – Обврски за аванси, депозити и кауции** се евидентираат обврските за аванси, депозити и кауции во земјата и странство.

## 99. АОП 099 ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА

**На АОП 099 - Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата** се евидентираат Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата.

## 100. АОП 100 ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ

**На АОП 100 – Обврски кон вработените се евидентираат**:

- Обврски за плати и надоместоци на плати
- Обврски за надоместоци на трошоците на вработените
- Останати обврски спрема вработените врз основа на колективни договори
- Останати обврски спрема вработените

## 101. АОП 101 ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ

На АОП 101 – Тековни даночни обврски се евидентираат следните типови на обврски:

- Обврски за данокот на додадена вредност,
- Обврски за акцизи,
- Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок),
- Обврски за данок на личен доход,
- Обврски за данок на имот.

## 102. АОП 102 КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ

**На АОП 102 – Краткорочни резервирања за ризици и трошоци** се евидентираат обврските по краткорочни кредити и заеми во земјата и странство со рок на доспевање до една година спрема резидентните матични, зависни и други поврзани друштва , како и спрема нерезидентитните матични, зависни и други поврзани друштва.

## 103. АОП 103 ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

**На АОП 103 – Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва**, се евидентираат:

- Краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во земјата и
- Краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во странство.

Се работи за краткорочни обврски кои доспеваат во рок од една година од денот на настанувањето.
На оваа позиција се евидентира и делот од долгорочните обврски за кои ќе се утврди дека доспеваат за плаќање во рок од една година.

## 104. АОП 104 ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

**На АОП 104 – Обврски по заеми и кредити**, се евидентираат обврските по краткорочни кредити и заеми во земјата и од странство со рок на доспевање до една година, освен обврските по кредити и заеми од матични, зависни и други поврзани друштва.

## 105. АОП 105 ОБВРСКИ ПО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**На АОП 105 – Обврски по хартии од вредност** се евидентираат обврските врз основа на издадени хартии од вредност кои се чуваат до доспевање.

## 106. АОП 106 ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА УЧЕСТВО ВО РЕЗУЛТАТОТ

**На АОП 106 – Обврски по основ на учество во резултатот** , се евидентираат обврските за дивиденди и удели врз основа на распределба на добивката.

## 107. АОП 107 ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

На АОП 107 – Останати финансиски обврски, се евидентираат обврските врз основа на есконт на краткорочни хартии од вредност, обврски врз основа на откуп на побарувања, како и обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства.

## 108. АОП 108 ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

**На АОП 108 – Останати финансиски обврски се евидентираат:**

- ☑ Обврски за царини и царински давачки,
- ☑ Обврски за данок на непризнати расходи и помалку искажани приходи,
- ☑ Обврски за останати даноци, придонеси и други давачки,
- ☑ Обврски спрема осигурителни друштва,
- ☑ Обврски за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители,
- ☑ Обврски спрема вршители на дејност и други физички лица, се евидентираат обврските според називот на сметката,
- ☑ Обврски врз основа на наем, се евидентираат обврските според називот на сметката,
- ☑ Обврски за членарини, се евидентираат обврските според називот на сметката и
- ☑ Останати краткорочни обврски.

## 109. АОП 109 ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)

**На АОП 109 – Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (ПВР)** се евидентираат износите на одложени плаќања на трошоците и приходите на идни периоди (ПВР) евидентирани на сметки од група 29.

## 110. АОП 110 ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА

**На АОП 110– Обврски врз основа на нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинато работење**, се евидентираат обврските врз основа на нетековни средства (или групи за отуѓување) кои се чуваат за продажба и средствата од прекинато работење во согласност со МСФИ 5, а кои се подмируваат или се гасат во случај на отуѓување на овие средства.

# ВКУПНА ПАСИВА

## 111. АОП 111 ВКУПНА ПАСИВА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065 + 081 + 095 + 109 + 110)

**На АОП 111 - Вкупна пасива, главнина и резерви и обврски** се евидентира збир од АОП 065 + АОП 081 + АОП 095 + АОП 109 + АОП 110.

## 112. АОП 112 ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА

На АОП 112 -Вонбилансна евиденција- Пасива ги опфаќа оние деловни настани, кои во моментот на настанувањето немаат директно влијание врз промените на ниту една позиција од Билансот на состојбата.

Оваа евиденција дава информација потребна за контрола на некои деловни трансакции, остварување сигурност на вложувањето во друг субјект и оценување на деловната способност.

На Ова АОП се евидентираат сметките од група 99 и тоа:

- Обврски за примени туѓи недвижности, постројки и опрема;
- Обврски за примени туѓи материјали, полупроизводи, производи и стоки;
- Обврски за хартии од вредност и други вредносници;
- Обврски за права и
- Останата пасивна вонбилансна евиденција.